german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by:

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

SIGA Sustainable Inclusive Growth Association

# „Асоцијацијата за инклузивен и одржлив развој" – СИГА распишува Конкурс за учесници на програмата „Girls power"

Програмата „Girls power", претставува инклузивен, едукативен и развоен концепт за јакнење на лидерските способности на жените, посебно на девојчињата од Источниот регион на Република Северна Македонија поддржана од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ). Програмата е дел од регионалниот проект „Социјално вклучување на ранливите групи на Западен Балкан".

Оваа програма е во форма на интерактивни работилници и сесии кои се состојат од вежби низ кои учесниците ќе може да се стекнат со вештини и знаења кои во иднина ќе може директно да ги применуваат во различни ситуации при носење на важни одлуки, но и во работењето и менаџирањето на процесите и тимовите.

Активностите ќе се реализираат во времетраење, од септември 2023 до март 2024 година. Во овој период ќе се одржат четири модули од кои секој ќе вклучува по две работилници на кои се очекува присуство на селектираните кандидати. Обуките ќе ги држат обучувачи истакнати во своите професии и на нив ќе се разработуваат посебни тематки единици.

**Цел на програмата**

Обуките се фокусирани на девојки од Источниот регион на државата. Нивната цел е тие да се стекнат со лидерски и комуникациски способности и вештини кои понатаму ќе може да ги искористат за развој на заедницата, во креирање на принципи на лидерство кои ќе ја поттикнуваат иницијативата, како и во управувањето со проекти и ефикасни комуникациски стратегии.

**Услови за учество**

Право да се пријават имаат млади девојчиња во социјален ризик од 21-29 години од Источниот регион во Република Северна Македонија, односно од општините Кочани, Пробиштип, Виница, и Чешиново-Облешево.

**Селекција на кандидатите**

При селекцијата на кандидатките гарантираме инклузивен пристап и охрабруваме за обуките да се пријават млади девојки со попреченост, со ограничени можности, во ризик од миграција, самохрани мајки, девојчиња Ромки, како и жртви на сите форми на насилство. Вкупно 15 кандидатки ќе бидат селектирани врз основа на поднесена апликација за учество. Сите пријавени кандидатки ќе бидат известени за селекцијата. Дел од селектираните кандидати може да бидат повикани на дополнително усно интервју. Непотполна документација нема да се разгледува.

**Поднесување на документи**

Документите за пријавување треба да се поднесат најдоцна до 3 октомври 2023 година. Повикот е отворен од 25.09.2023 година до 03.10.2023 година. Апликациите се праќаат на електронската пошта: info@siga.org.mk, со назнака: Пријава за програмата „Girls power".

**Потребни документи за учество**

1.Биографија со наведени контакти и податоци

2.Писмо за мотивација